Тони МИЛЕСКИ

**УДК: 355.433.2 : 342.5 (73)**

# БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА НОВАТА АМЕРИКАНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

***Кратка содржина***

*Доаѓањето на новиот претседател на САД, Барак Обама означува почеток на една нова ера во меѓународните односи. Периодот на униполаризмот карактеристичен за годините после Студената војна полека попушта на својот интензитет и му препушта место на мултиполаризмот. Во контекстот на ваквите глобални промени, новата американска администрација прави обиди за ревидирање на сопствените позиции со цел навремено превенирање на безбедносните предизвици. Трудот дава критички осврт кон позициите на новата американска администрација на Европскиот континент, односите со европските партнери и ширењето на НАТО алијансата кон исток. Исто така, се разгледуваат и односите со Русија и новиот импулс на „ресетирање“ на односите со најголемиот евроазиски геополитички актер. Сепак се чини дека најголемите безбедносни предизвици на САД најмногу се манифестни на подрачјето на Средниот исток, односно Ирак, Иран, Авганистан, Пакистан и Северна Кореја.*

***Клучни зборови**: ГЕОПОЛИТИКА, ГЕОСТРАТЕГИЈА, БЕЗБЕДНОСТ, БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ, ОБАМА.*

## Вовед

Преземањето на функцијата претседател на САД, Барак Обама го соочи со големи предизвици на полето на надворешната политика и безбедност и тоа од војните во Авганистан и Ирак, преку глобалната финансиска криза до потребата за обновување на нарушениот углед на сопствената држава во светот. Покрај овие предизвици, Обама го пречекаа и големите даноци, здравствената заштита и нарушената американска економија. Сепак, прашањето на спорот со Иран околу развојот на нуклеарниот програм и блискоисточниот мир се централната точка на интересот

на новиот претседател на САД. Еден од надворешно-политичките приоритети, за кој во трудот станува збор, е обновувањето на односите со традиционалните европски сојузници. Главните американски приоритети на националната безбедност, се борбата против тероризмот, пресметка со милитантите по должината на пакистанско-авганистанската граница и отстранување на Осама Бин Ладен. Во поглед на војната во Ирак, Обама највува нејзино брзо завршување преку реализацијата на т.н. „16 месечен план“ за повлекување на американските трупи. Односите со Русија отсекогаш биле во фокусот на американскиот ангажман кога станува збор за геополитичките игри во глобални рамки. Приближувањето кон Русија како партнерска земја во борбата против тероризмот, налага „ресетирање“ на односите од причина што унилатералната експанзионистичка фаза која ја практикуваше поранешната администрација повеќе не наоѓа одобрување кај останатите геополитички актери.

Надминувањето на слабостите на претходната американска администрација, може да се остварат со одредени, условно кажано, радикални промени во надворешната политика на САД. Промени, кои сепак, нема да предизвикаат глобални турбуленции и нема да генерираат нови безбедносни предизвици. Предизборната кампања на Обама, и првата година од новата американска администрација укажува на одредени поместувања во споменатата насока.

## Нова политика за Стариот континент

После периодот на Студената војна и унилатералната експанзионистичка фаза, доаѓа време кога САД треба да ги консолидираат своите позиции на Стариот континент. Во тој контекст, насоките на идното ревидирање на американските позиции одат во правец на следните констатации: НАТО не би требало да се шири повеќе на исток, односно приоритетот треба да се даде на север, кон неутралните Шведска и Финска, контролирање на евро-руските односи и НАБУКО проектот.

Претседателот Обама со неговата инаугурација наследил политичка агенда за Европа која била креирана пред дваесет години за еден свет кој денеска повеќе не постои. Таа политика е конструирана врз темелите на одредени претпоставки кои со време се освежувани: дека со Русија треба да се одржува статус кво на силите, дека Европа треба да се обедини во Атлантската целина и дека Американска глобална и регионална сила била неисцрпна.

Тргнувајќи од овие претпоставки, претходните креатори на политиката на САД покренале еден од најуспешните експанзионистички кур-

севи во историјата на американската надворешна политика. Унапредувајќи ја и промовирајќи ја истата на половина милион квадратни милји подалеку од САД.

Генерално гледано, политичкиот дискурс кој што го овозможил ваквиот успех, Мичел го нарекува „Европска политика 2.0“. Американската стратегија од периодот на Студената војна кон Европа (или според Мичел, „Европска политика 1.0“) била олицетворена преку главно одбранбени потези, ограничување на Руската експанзија со преземање внимателни контра-мерки, додека во верзијата 2.0 американската политика кон Европа се префрла на геополитичка офанзива, привлекувајќи ги земјите кои во периодот на Студената војна беа сојузници на поранешниот Советски Сојуз.

Секоја од овие стратегии претставувала успех за своето време. Причината за нивното функционирање била таа што политиките кореспондирале со длабоката глобална реалност на силите.

Обама е првиот американски претседател кој ќе се соочи со целокупната реалност на мултиполарноста. Во Европа, периодот на новиот договор и прераспределба на силите доведе до третата голема геополитичка ре-конфигурација на Евро-атлантскиот простор после 1945 година. Новиот простор е окарактеризиран со три основни мега-трендови: препородена Русија, геополитички-полигамна Европа и со изолираност на геополитички раширената Америка.

Согласно таквата реалност, повеќе од јасно е дека е потребна нова политика и фундаментално нов пристап кон Европа - „Европска политика 3.0“. Политика која повеќе ќе биде насочена кон современата геополитичка констелација на односите преку стратегија за консолидирање со цел „заклучување на евро-атлантскиот поредок“ создаван во периодот од 1989 до 2007 година. Во блиска иднина тоа би подразбирало поддршка на источните европски региони каде што старите безбедносни дилеми се повторно манифестни, зацврстување на некогаш одличните политички односи преку повторна синхронизација на темелните вредности и справување со не-атлантските геополитички влијанија.[1]

Најголемиот предизвик со кој ќе се соочи американската администрација во Европа во периодот на наредните 4 години се безбедносните дилеми кои егзистираат по должината на источната граница на Европската Унија. По Руската инвазија на Грузија, Москва ја презентира доктрината за регионални интервенции, ги консолидира сопствените политичко-енергетски позиции во централна Азија, запрети на земјите

[1] Wess M. *Europe Policy 3.0: New Ideas for an Old Continent.* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/europe-policy-30-new-ideas-for-an-old-continent/724 (посетен на 02.04.2010 год.)

членки на НАТО, го презема статусот на единствен арбитар во замрзнатиот судир во Придњестровието.

Оттука, зголеменото чувство на ранливост би требало да биде најголемиот приоритет во Европа. За тоа е потребно зајакнување на европскиот исток и враќање на довербата кон Америка. За остварување на ови цели потребни се два чекора.

*Прв чекор.* Да се прекине ширењето на НАТО кон исток. Потребата од ширење на НАТО на исток преку Грузија и Украина станува цел која во скоро време тешко е да се прогнозира дека ќе биде достигната. Противењата за ширење на НАТО на исток се длабоко вкоренети во Берлин, во Париз па дури и во Анкара (состојба која честопати се превидува).

Иако и понатаму се поддржува постигнувањето и одржувањето на мирот и стабилноста, новата администрација според новите политики за Европа се чини дека ќе оди на апсолутна поддршка на стратегијата „прво членство во ЕУ“ па потоа во НАТО. Правецот на идното проширување на НАТО треба да биде пренасочен од исток кон север. Ситуацијата на север укажува на зголемениот интерес на НАТО да ги придобие Шведска и Финска, особено по војната во Јужна Осетија. Приклучувањето на овие две држави може да овозможи јакнење на североисточниот блок на НАТО и намалување на стратегиското изложување во регионот на Балтикот, како и јакнење на Алијансата во поглед на остварување на практични и реални цели кои ќе ѝ овозможат да не влегува во непосредни конфронтации за кои во дадени моменти не е подготвена.

*Втор чекор.* Засилување на воеското присуство на САД во Централна Европа од причини што успорувањето на придобивање на Грузија и Украина да не се сфати како гест на повлекување, при што, САД ќе мора да демонстрира сила концентрирана во источните членки на Алијансата. Моментално, западното воено присуство во Централна Европа се состои од неколку американски единици во базите во Црното Море и четири ротирачки Ф-16 НАТО авиони кои патролираат во Балтичкиот воздушен простор. Овој „безбедносен килим“ ќе треба да биде засилен, не само реторички туку и визуелно на терен. Претходната американска администрација преземала позитивни чекори во овој поглед залагајќи се за создавање на т.н. територијални сили за брзи интервенции. Адиминистрацијата на Обама се чини дека ќе треба да оди чекор понапред, односно да пристапи кон трансферирање на воените инсталации од локациите во Западна Европа, понатаму на нови кон исток.

Состојбата во последниот период укажува дека американските билатерални односи со Европа не се баш најдобри. За нецела деценија, шеесетгодишната фондација на Атлантистите претпе сериозни ерозии. Искуствата од неодамнешните настани кои го отсликуваат функциони-

рањето на Алијансата во услови на мултиполарност, можат многу брзо да бидат заборавени во трката со справување со идните предизвици. Администрацијата на Обама, ќе мора сериозно да пристапи кон поправање на односите со „оттуѓените“ сојузници. Овде се групираат, од една страна, малите источноевропски држави кои имаат поддршка од САД, но не добиваат премногу како компензација за членството, и големите западноевропски држави кои не се со американците и за кои не смее да се дозволи да се оттуѓат. Двете категории ќе бараат различен тип внимание.

Првиот фокус на внимание треба да биде насочен кон Британија, Полска, Чешка, Холандија, држави кои ја поддржуваат САД во Ирак. Во соработка со Конгресот, Обама ќе треба да изготви пакет на стратегиски привилегии со цел задржување на добрата волја кај своите сојузници. За Британците, тоа би можело да вклучува подобрување на размената на воената технологија. За Централна Европа, тоа би можело да се однесува на ширењето на американската визна програма и креирање нов фонд специјално наменет за војските на државите од поранешниот Варшавски Пакт. Во двете ситуации, целта треба да биде долгорочна, но не во нивно придобивање кон „нова Ирачка авантура“, туку за институционално вградување на атлантистички кадар кој ќе биде про-американски ориентиран и ќе помогне во создавање на про-американски консензус при носењето одлуките со Европските сојузници.

Следните чекори на новата администрација на САД треба да бидат во насока на изнаоѓање корисни компромиси со јадрото на ЕУ. Во таа насока неоходни се креативни размислувања за тоа како да се ресинхронизира американската политика со големите, во последно време видно не-атлантистички настроени сили од јадрото на ЕУ (Германија и Франција). Во моментов, САД и Германија се ангажирани во активности кои едни на други не им се допаѓаат, а тоа се активности кои не се во склад со нивните сопствени интереси и сето тоа придонесува за дестабилизација на пошироката Алијанса. САД притискаат за Грузија/Украина и нивното влегување во МАП, додека Германија учествува во руски енергетски зделки кои ги заобиколуваат источните членки на ЕУ.

Европската геополитичка зависност од Русија, веројатно претставува еден од главните проблеми не само за Обама, туку и за наредните американски државници. Во последните години, Москва го користи она што неодамнешниот Извештај на Европскиот совет за надворешни односи го нарече „принуден билатерализам“, односно воспоставување на постојана зависност која ќе ѝ овозможи на Москва да го блокира создавањето на единствен европски геополитички актер со единствена цел политиката на ЕУ да не може да им наштети на руските интереси. Оваа Руска систематска политика на „принуден билатерализам“ користи различни форми на дипломатски притисок, економски ембарга, сообраќајни

блокади, поединечни преговори со земјите од ЕУ за снабдување со гас и нафта.[2]

Снабдувањето со енергија од различни извори, ќе претставува долгорочен приоритет на американската политика во Европа. Проблемот е во тоа што ваквиот приоритет се совпаѓа со уште еден врвен приоритет на американската политика, односно обидот за дипломатска и економска изолација на Република Иран.




**Слика 1**. „Набуко“ проект

„Набуко“[3] проектот може да придонесе кон смалување на европската зависност од рускиот „Газпром“, со што би се оневозможило геополитичкото манипулирање на Русија. Но, за да функционира „Набуко“, гасоводот мора да носи Ирански гас, што во моментот за Вашингтон е неприфатливо. Ваквата зависност и условеност укажува дека за да се реализираат планираните политики на европјаните ќе им биде потребен алтернативен гас, надвор од Руските извори, додека американците мора да го спречат Техеран да успее во намерата да произведе нуклеарно оружје. Тоа значи, дека новата американска администрација, ќе мора да

[2] *Putin dictating agenda to EU, thinktank report says* http://www.guardian.co.uk/world/2007/nov/08/russia.eu (посетен на 01.04.2010 год.)

[3] Набуко проектот претставува 3.300 км. долг гасовод кој започнува од Турскиот град Ерзорум преку Бугарија, Романија и Унгарија завршува во Баумгартен, најголемото средиште за природен гас во Австрија. Вредноста на проектот изнесува околу 8 милијарди евра и истиот треба да стане оперативен во 2014 год. Набуко конзорциумот го сочинуваат RWE од Германија, OMV од Австрија, Botas од Турција, Булгаргаз од Бугарија MOL од Унгарија и Transgaz од Романија. http://www.eubusiness.com/news-eu/turkey-energy-gas.3hd (посетен на 10.04.2010 год.)

ги разгледа можностите за релаксирање на американското противење кон европските инвестиции во Иранскиот енергетски сектор како дел од пакетот на преговори околу нуклеарното оружје со Техеран.

Покрај директната стратегија за неутрализирање на руското геополитичко влијание во Европа, американската администрација презема и индиректни чекори кои се во насока на охрабрување и уште поголемо зајакнување на билатералните врски меѓу земјите членки на ЕУ. Главниот акцент новата американска администрација го поставува на Германско-Полското пријателство. Односите меѓу најголемата западна Европска држава и најголемата европска источна сила се несомнено значајни за целокупната стабилност на Европа.

Историски гледано, германско-полското непријателство потекнува од многу поодамна а својот интензитет го добива во доцниот деветнаесетти век, кога соседните велесили ја бришат полско-литванската заедница од картата на Европа. Тензиите особено се засилуваат по трагедијата од Втората светска војна и нацистичката окупација, зголемувајќи ги полските сомнежи кон германските намери за релаксирање на меѓусебните односи. Основните приговори на Германија против Полска во период после Јалта биле насочени кон изгубените територии кои паднале под Полска како и пропратното протерување на германското население по Втората светска војна. По завршувањето на Студената војна, полско-германското помирување претставуваше клуч за идното дефинирање на Централна Европа како кохезивен геостратегиски регион. Во тој поглед поддршката на Германија за влезот на Полска во НАТО и Европската заедница беше решавачки. Во 1991 година потпишани се два билатерални договори со што се потврдија постоечките граници и се воведоа новите основи за добрососедски односи.

Новиот тест за германско-полските односи беше во 2003 година со Ирачката војна. Спротивставеноста во однос на трансатлантските односи ги потенцира радикално различните погледи за американската политика околу Ирак и ги затегна германско-полските односи. Период кој се карактеризираше со зближување на Русија и Германија, што придонесе за поголемо зближување на Полска со Вашингтон. Ставовите на Германија и Полска околу надворешната политика во рамките на НАТО и ЕУ имаат различни основи. Германците не се претерано заинтересирани за проширување на НАТО по 2004 година и сè повеќе се вртат кон Русија како партнер со кој може да се реализираат економски проекти и оствари добра политичка соработка. Од друга страна, Полска се избори за проширувањето кон Балтичките држави и силно ја поддржува Украина, укажувајќи дека таа е важна за нејзината национална безбедност. Русија претставува закана за Варшава, од причина што Полска е крајната источна држава на ЕУ и НАТО, и претставува спроводник на германско-руската трговија.

Оттука, одржувањето на германско-полското пријателство мора да биде „спонзорирано“ од страна на САД.[4] Политичкиот капитал од почетокот на деведесеттите години од минатиот век кога односите беа на високо ниво, треба да е добра основа за надминување на моменталното ниско ниво.

### *Русија*

Американската администрација во поглед на односите со Русија, инсистира на нивно разрешување и релаксирање. Тоа подразбира враќање на главна сцена на разговорите околу разоружувањето. Потпишување на договорот СТАРТ 3, соработка околу Авганистан и Северна Кореја, сопирање на проширувањето на НАТО кон Украина и Грузија, а како возврат забрзување на руското членство во Светската трговска организација.

Откажувањето на поставување ракетна одбрана во Централна Европа и покрај проценките дека Иран поседува интерконтинентални балистички ракети, јасно зборува за новите стратегиски насоки на новата американска администрација. Ваквиот потег на претседателот Обама, наиде на одобрување од официјална Москва. Земајќи ги предвид растечките опасности од исламските екстремисти во Северниот Кавказ и Централна Азија, руската соработка со САД е резултат на речиси идентичните национални интереси во тој регион.[5]

Значаен пресврт во односите САД-Русија претставува потпишувањето на договорот СТАРТ 3 на 8 април 2010 година. Заради опасноста од можноста одредени терористички организации да дојдат до нуклеарното оружје, сè поголем број политичари стануваат свесни за апсурдноста на студеновоената трка во вооружување. Во досегашната историја на обидите за спречување на ширењето на нуклеарното оружје биле потпишани неколку договори од кои неколку, иако фомрално, сè уште, се на сила. Во 1968 година во Њујорк бил потпишан Договор за неширење на нуклеарното вооружување.[6] Договорот стапил на сила на 5 март 1970 година. Во истиот учествувале 187 држави, од кои 5 биле признати како нуклеарни сили (САД, Русија, Британија, Франција и Кина). Договорот бил потпишан на иницијатива на Ирска и Финска. Основите на Договорот лежат на три „столба“: неширење на нуклеарното оружје, разоружување и право ну-

---

[4] Михта, А. Е. (2009) *Границите на алијансата. САД, НАТО и ЕУ во Северна и Централна Европа.* Скопје: Арс Ламина ДОО. стр. 29-49

[5] Cohen, A. *If Obama Sells Europe to Russia* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/if-obama-sells-europe-to-russia/1477 (посетен на 02.04.2010 год.)

[6] *Nuclear Non-Proliferation Treaty (1968)* http://www.atomicarchive.com/Treaties/Treaty6.shtml (посетен на 02.04.2010 год.)

клеарната енергија да се користи во мирнодопски цели. Последниот „столб“ можеби претставува една од најконтроверзните точки на овој Договор, точка која што се користи во моменталната криза околу иранскиот нуклеарен програм. Иако на почетокот овој Договор требало да трае 25 години, државите, негови потписнички, се договориле да трае неограничено. Бидејќи станува збор за формален документ кој не го регулира бројот на нуклеарните боеви глави, било неопходно да се донесе нов Договор кој конкретно ќе ги одреди бројот на проектилите.

Првиот договор СТАРТ 1 (START Strategic Arms Reduction Treaty) е потпишан на 31 јули 1991 година во Москва од страна на тогашниот претседател на СССР Михаил Горбачов и американскиот претседател Џорџ Буш. Договорот стапил на сила на 5 декември 1994 година. Прв документ кој што требало да обезбеди паритет меѓу двете страни, односно нуклеарните потенцијали требало да бидат помали за 30%. Во Москва на 3 јануари бил потпишан Договорот СТАРТ 2 кој и покрај тоа што бил ратификуван никогаш не стапил на сила. Во јуни 2002 година САД еднострано се повлекле од Договорот за ограничување на антибалистичките проектили, после што русите се повлекле од Договорот СТАРТ 2. Образложението за американското повлекување од договорот го дал поранешниот американски претседател Џорџ Буш. Во неговата изјава се потенцира дека договорот за ограничување на балистичките проектили ја намалува способноста на американската влада да развива средства со чија помош ќе го заштити сопственото население од терористичките или нуклеарни напади на одметнатите држави. За русите ваквиот чекор не претставувал изненадување, но секако го сметале за погрешен.[7]

На самитот во Москва, 24 мај 2002 година претседателите на САД и Русија потпишале додатен договор за намалување на офанзивното стратегиско вооружување, СОРТ (SORT-Strategic Offensive Reduction Treaty), познат и како Московски договор). Целта на овој Договор била ограничување на оперативните нуклеарни проектили на 1700 до 2200 за секоја страна. Цел која требало да се постигне до декември 2012 година, но така што двете страни си го задржале правото да одлучат за составот во структурата на сопствениот нуклеарен арсенал.[8]

Договорот СТАРТ 3 е потпишан во Прага на 8 април 2010 година. Со него се ограничува офанзивното оружје, што според аналитичарите, нема да ја намали одбранбената способност на САД и Русија. По потпишувањето на Договорот, американскиот претседател Барак Обама изјавил дека Договорот ги унапредува стратегиските способности, а во

---

[7] *America withdraws from ABM treaty* http://news.bbc.co.uk/2/hi/americas/1707812.stm (посетен на 03.04.2010 год.)

[8] *History of START I (Strategic Arms Reduction Treaty) and START II* http://en.rian.ru/world/20090622/155316207.html (посетен на 03.04.2010 год.)

исто време овозможува да се постигне поголемо ниво на соработка меѓу Русија и САД. Обама истакнал дека Договорот претставува дел од напорите за „ресетирање“ на американските односи со Русија.

СТАРТ 3 се чини дека е исто така прифатлива солуција и за Руските генерали од рускиот воен врв. Минатата година во една своја изјава за РИА, генералот Николај Соловцов истакнал дека руските стратегиски сили имаат потреба од најмалку 1.500 нуклеарни боеви глави и дека овој факт мора да се земе предвид во новиот договор за контрола на стратегиското оружје. Русија не смее да се согласи со број кој е помал од 1.500 проектили, иако одлуката е на политичкото раководство на земјата.[9] Очигледно дека политичките лидери ги послушале проценките на воениот врв и дека нивната одлука е во склад со т.н. минимална проценка на бројот на нуклеарните боеви глави затоа што заклучокот на новиот договор потенцира дека двете страни ќе располагаат со по 1.550 нуклеарни боеви глави и 800 лансери, што во споредба со постоечките бројки сепак претставува значително смалување на нуклеарниот арсенал на двете земји.[10]

**Таб. 1**

| | СТАРТ 3 - Договор за смалување на бројот на стратегиските нуклеарни глави | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Актелен број боеви глави во 2009 год. | Ракетни лансери | СТАРТ 3 предвиден број боеви глави | СТАРТ 3 предвиден број ракетни лансери |
| Русија | 3.897 | 809 | 1.550 | 800 |
| САД | 5.916 | 1.188 | 1.550 | 800 |

Значењето на Договорот СТАРТ 3 првенствено е дипломатско, затоа што го симболизира затоплувањето на односите меѓу двете држави, особено после периодот на обидите за инсталирање на американскиот антиракетен штит во Европа. Во тој контекст, усвоена е и нова американска нуклеарна стратегија, која треба да е во прилог на новото време каде што нуклерното оружје нема да биде стратегиски приоритет како во периодот на Студената војна.[11] Нуклеарната доктрина се разликува и од старата агресивна доктрина на поранешниот претседател Буш. Доктри-

[9] *Russia to keep at least 1,500 nuclear warheads* http://en.rian.ru/russia/20090610/155218357.html (посетен на 03.04.2010 год.)

[10] *New Russia-U.S. arms reduction treaty* http://en.rian.ru/infographics/20100405/158439571.html (посетен на 03.04.2010 год.)

[11] *Barack Obama's radical review on nuclear weapons reverses Bush policies* http://www.guardian.co.uk/world/2010/apr/06/barack-obama-nuclear-weapons-review (посетен на 03.04.2010 год.)

ната е усвоена два дена пред потпишувањето на Договорот СТАРТ 3 и претставува вовед во неговото потпишување, и на некој начин значи дека САД се откажуваат од евентуалната широка одмазда со нуклеарно оружје. Новата стратегија претпочита воздржување од нуклеарен одговор кој би бил насочен кон земјата која би ја нападнала САД со хемиско или биолошко оружје. Исто така, САД не би одговориле со нуклеарно оружје и во случај на напад со конвенционални сили. Сепак, ова не значи дека САД ја менуваат политиката спрема Иран и Северна Кореја, зашто Обама ја задржал можноста за одмазада со нуклеарен напад на овие две земји. Ваквиот однос кон Иран и Северна Кореја е од причина што овие две земји не се придржуваат кон договорите за ограничување на нуклеарното оружје.[12]

Еден од основните проблеми на кои може да наиде договорот СТАРТ е прашањето за поставување на американскиот антиракетен штит во Источна Европа. Иако е моментално откажан, таквиот потег би претставувал позиционирање на американскиот ракетен потенцијал во Европа, со што би се загрозил рускиот одбранбен потенцијал. Во таа насока, рускиот претседател изјавил дека Русија ќе се повлече од СТАРТ доколку американскиот антиракетен штит биде инсталиран на Балканот. Иднината на СТАРТ договорот е обременета со повеќе фактори и сè уште е рано да се зборува дека тој претставува историска пресвртница во односите САД-Русија.

## Ирак, Иран, Авганистан и Пакистан

На дневниот ред на Обама, Кабул е означен како врвен приоритет. Во Белата книга, Вашингтон ја дефинира сопствената стратегија како чистење на Авганистанската кал, градење на државата и развојот на локалните безбедносни сили. Но, она што е уште поважно е американската соработка со Исламабад (Пакистан) и грижата за таа држава. Зошто е значаен Пакистан? Моментално, Пакистан се соочува со проблеми на лошо раководење со државата, голема сиромаштија, исламски фундаментализам и воени судири на северот од земјата предводени од Талибанците и Ал-Каеда. Опасностите од целосен крах на Пакистан лежат во две круцијални работи, односно таа претставува единствена муслиманска држава која поседува нуклеарно оружје и има таква геостратегиска положба што сите настани во Пакистан влијаат на Блискиот Исток, централна Азија и Јужна Азија.

[12] *Barack Obama to limit use of US nuclear weapons* http://www.guardian.co.uk/world/2010/apr/06/barack-obama-nuclear-weapons-review (посетен на 06.04.2010 год.)

Северниот дел на Пакистан е најкритичниот дел од државата. Околу 11% од територијата е под директна контрола на Талибанците. Уште 10% од провинцијата Балуџистан е кризно подрачје поради долгогодишните обиди на балуџистанците за создавање независна држава. Карачи, приморски град од 17 милиони жители преставува етничко и секташко „буре барут" кое се очекува да експлодира во секој момент. Посебна загриженост претставува продорот на талибанците во Пенџаб, пакистанското политичко и економско „јадро" каде што живее 60% од 170 милионската држава.[13]

Талибанците навлегле во тој „вакуум" на власта со спроведување на спектакуларни сомоубиствени напади во поголемите градови ширум државата. Голем дел од невработените млади се приклониле и им се приклонуваат на талибанците. Просечната возраст на бомбаш самоубиец е само 16 години. Интензивните самоубиствени напади во Пенџаб ја деморализира полицијата и го заплашува населението.

Загриженоста на САД е на многу високо рамниште. За тоа говори и „новата стратегија за Авганистан и Пакистан" обелоденета на 27 март 2009 година. Во стратегијата се истакнува дека постигнувањето на американската национална безбедност треба да се реализира преку неколку реално остварливи цели:

- Нарушување на терористичките мрежи во Авганистан и Пакистан преку уништување на сите капацитети и способности за планирање и преземање меѓународни терористички акции;
- Промовирање на способна, одговорна и ефикасна влада во Авганистан која ќе му служи на авганистанскиот народ која на крај ќе може да функционира посебно во делот на внатрешната безбедност, со ограничена меѓународна поддршка;
- Развивање на самостојни авганистански безбедносни сили кои ќе можат успешно да се справуваат со тероризмот и борбата против тероризмот со намалена помош од страна на САД;
- Обиди за асистенција при зголемувањето на цивилната контрола и стабилизирање на власта во Пакистан како и јакнење на економијата која ќе може да понуди поголеми можности за пакистанскиот народ;

[13] Rashid, A. *Apocalypstan* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/apocalypstan/1459 (посетен на 05.04.2010 год.)

- Вклучување на меѓународната заедница за активна помош и поддршка на посочените цели за Авганистан и Пакистан под водство на Организацијата на обединетите нации.[14]

Вистинската загриженост на САД била отворено потенцирана од страна на Државниот секретар, Хилари Клинтон во Багдат на 25 април 2009 година. Имено, опасностите се однесувале на можноста, доколку се случи, што во моментот е незамисливо, талибанците да дојдат до нуклеарниот потенцијал на Пакистан. Според одредени проценки Пакистан располага со околу 60 до 100 нуклеарни боеви глави кои главно се сместени во западниот дел на Пенџаб и се во рацете на војската која сè уште е обединета и дисциплинирана иако покажува слаби резултати во борбата против тероризмот.[15]

Администрацијата на Обама вложува голем дел од сопствената национална безбедносна агенда на постигнување одреден напредок во Авганистан. Во текот на 2009 година, Обама одлучува да придодаде повеќе од 50.000 војници во Авганистан, а фискалната 2010 година ќе ги чини американците повеќе од трошоците направени во Ирак. САД во моментот спроведуваат мулти стратегија која содржи воени, дипломатски и економски развојни компоненти. Воената компонента е јасна, дополнителниот број војници ќе овозможат зголемен притисок на талибанските бунтовници. Иако воениот успех не е загарантиран, се чини дека поголем предизвик се авганистанските институции кои мора да ги контролираат подрачјата исчистени од бунтовниците и изградбата на институции кои се одржливи и можат самостојно да дејствуваат.

Насоките на делување во Авганистан преку кои ќе се унапредува безбедноста, можностите и правдата, но не само во Кабул туку и во преостанатите делови на државата, генерално укажуваат на потребата од цивилни експерти. Еден од клучните механизми за постигнување на добро управување со провинциите во Авганистан претставуваат тимовите за реконструкција на провинциите, заеднички воено-цивилни единици со различна големина, кои треба да ја подобрат авганистанската економија преку развој на инфраструктурата и пружање соодветни услуги.

Гледајќи ја крајната цел на воената и државна авганистанска транзиција, САД мора да вложат повеќе напори за изградба на капацитетите на таа држава, а особено осврнувајќи се на четирите предизвици на цивилната компонента од Стратегијата на претседателот Обама. Тие пре-

---

[14] *White Paper of the Interagency Policy Group's Report on U.S. Policy toward Afghanistan and Pakistan.* http://www.whitehouse.gov/assets/documents/afghanistan _pakistan_white_ paper_final.pdf (посетен на 05.04.2010 год.)

[15] Rashid, A. *Apocalypstan* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/apocalypstan/1459 (посетен на 05.04.2010 год.)

дизвици се однесуваат на развојот на капацитетите на авганистанските партнери, развој на механизми за оддржливо финансирање во Авганистан, координирање на меѓународниот пристап за цивилна помош и помош за развој како и институционална реформа на авганистанската политика.[16]

Од друга страна, нуклеарната програма на Иран претставува еден од најголемите безбедносни предизвици на новата американска администрација. САД немаат ефективна долгорочна политика за справување со постојаниот напредок на иранската нуклеарна програма. Ваквите ставови, недамна ги изнесе и Министерот за одбрана на САД, Роберт Гејтс.[17]

Иран првиот нуклеарен програм го започнува на почетокот од шеесеттите години од дваесеттиот век. Притоа, направен е мал напредок и после револуцијата во Иран од 1979 година и доаѓањето на власт на тврдокорниот исламски режим, програмот е целосно напуштен. Во средината на 1990 година започнуваат нови обиди за ревитализирање на нуклеарната програма со што се свртува вниманието кон оваа држава од страна на Вашингтон. Иран инсистира на тврдењата дека ги почитува своите обврски од Договорот за неширење на нуклеарното оружје, но во 2002 година групата задолжена да го следи нуклеарниот програм на Иран добива документи кои откриваат тајни програми кои ги води Иранската влада. Соочен со меѓународни санкции, тогашниот претседател на Иран, Мухамед Катами во 2003 година ги прекинува работите кои се однесуваат на збогатувањето на ураниумот и дозволува зголемен инспекциски надзор од страна на Асоцијацијата за меѓународна атомска енергија со обврска за продолжување на преговорите со Велика Британија, Франција и Германија.

Во август 2005 година, Катами го наследува тврдокорниот конзервативец Ахмадинеџад. Уште во јануари следната година, Иран го продолжува програмот за збогатување на ураниумот. Според Договорот за неширење на нуклеарното оружје, Иран може да развива програми за збогатување на ураниумот, но Асоцијацијата за меѓународна атомска енергија повикала тие активности да бидат прекинати сè додека не се разрешат проблемите со претходно откриените тајни нуклеарни програми на Иран.

Советот за безбедност на Обединетите нации во декември 2006 година изгласува санкции за Иран поради непочитување на апелите за

---

[16] Katulis, B. *Afghanistan: the White House recipe*
http://temi.repubblica.it/limes-heartland/afghanistan-the-white-house-recipe/1553?h=1
(посетен на 05.04.2010 год.)

[17] *Gates Says U.S. Lacks a Policy to Thwart Iran*
http://www.nytimes.com/2010/04/18/world/middleeast/18iran.html (посетен на 05.04.2010 год.)

прекинување на нуклеарните програми. Во тој период, Бушовата администрација од Вашингтон разгледува уште поагресивни мерки кон Иран, вклучувајќи ја и можноста за бомбардирање на Иран. Тогашниот американски претседател, Буш, поддржувајќи го ставот на Државниот секретар на САД, Кондолиза Рајс за повеќе дипломатски мерки, сепак ја држи линијата дека со Иран нема директни преговори сè додека не се суспендираат нуклеарните истражувачи програми. Во 2007 година, американските разузнавачки служби изготвуваат проценка во која се потенцира дека Иран ќе биде подготвен да креира нуклеарно оружје во периодот меѓу 2010 и 2015 година. Проценките кои се дадени во април 2010 година се совпаѓаат со оние од 2007 година.[18]

Со доаѓањето на новата американска администрација на чело со претседателот Обама, продолжуваат и дипломатските обиди за решавање на иранската криза. Новата стратегија на Обама во случајот со Иран покажува дека ќе се инсистира на поголемо вклучување на другите меѓународни фактори, односно земјите членки на Советот за безбедност при ООН и Германија, како и шефот на надворешната политика на ЕУ, Хавиер Солана. Сосема е очигледна поддршката која се бара од надворешните партнери на САД во наметнувањето санкции кон Иран и негоиот нуклеарен програм. Генерално гледано, интенциите на новата американска администрација се во насока на „ослободување“ од притисоците за можна употреба на нуклеарно оружје. Како што веќе напоменавме, новата нуклеарна стратегија на САД потенцира дека нема опасност од нуклеарен одговор кон не-нуклеарните држави, исклучувајќи ги тука Иран и Северна Кореја како држави кои не се придржуваат кон Договорот за неширење на нуклеарното оружје. Како потенцијални цели во оваа стратегија се посочува оневозможување на терористичките организации да дојдат до нуклеарно оружје и контрола на нестабилните држави кои имаат нуклеарни потенцијали. Уште поконкретно, новата нуклеарна стратегија на Обама се фокусира на 5 клучни цели:

1. Спречување на ширење на нуклеарното оружје и нуклеарниот тероризам;
2. Смалување на улогата на американското нуклеарно оружје во американската стратегија за национална безбедност;
3. Одржување на стратегиското одвраќање и стабилност преку намалување на нуклеарните сили на сите нивоа;
4. Јакнење на регионалното одвраќање и обезбедување на американските сојузници и партнери;

---

[18] *Iran's Nuclear Program.* http://www.nytimes.com/info/iran-nuclear-program/ (посетен на 06.04.2010 год.)

5. Одржување на безбеден и ефикасен нуклеарен арсенал.[19]

Највпечатлив дел од новата американска нуклеарна стратегија е обидот за ставање под целосна контрола на целокупниот нуклеарен потенцијал на целокупниот планетарен простор. Првата цел од стратегијата покрај другото посебно се однесува за Иран. Односно, американскиот пристап кон спречување на ширење на нуклеарното оружје вклучува три клучни елементи. *Прво*, поддршка на неширењето на нуклеарното оружје во режимските држави, конкретно Иран и Северна Кореја, јакнење на меѓународната агенција за атомска енергија и почитување на нејзините одлуки, спречување на недозволена трговија со нуклеарен материјал и поттикнување на миролубиво користење на нуклеарната енергија. *Второ*, забрзување на напорите на претседателот Обама за обезбедување на сите ранливи нуклеарни материјали ширум светот во период од четири години. И *трето*, обидите за контрола на вооружувањето, вклучувајќи го и новиот Договор за смалување на стратегиското вооружување.

Прашањето на американското присуство во Ирак, претставува составен сегмент на мозаикот од безбедносните приоритети затоа што не може одвоено да се разгледува од ирачкото опкружување. Со доаѓањето на Обама, се промовира планот за повлекување на американските трупи од Ирак. Планот за т.н. „16 месечно повлекување“ претставуваше составен дел од предизборната кампања на Обама. Секако дека не може да се очекува математичка прецизност во поглед на реализирањето на овој План, односно постојат бројни проблеми кои можат да го одолговлечат и отежнат. Американските воени авторитети даваат свои проценки за ризиците од 16, 19 и 23 месечното повлекување од Ирак. Обама сепак се решава за 16 месечната рамка, меѓутоа без конкретни временски датуми кога таа би се остварила. Премиерот на Ирак, Нури ал-Малики, ја поддржува оваа американска иницијатива и смета дека времето на нејзина реализација е крајот на 2010 година.[20]

## Заклучок

Новата американска администрација ќе треба да спроведе сеопфатна ревизија на американските стратегиски приоритети во Европа. САД нема да можат да ја продолжат политиката на геополитичката експанзија која ги доведе до портите на Тбилиси и Киев, но исто така нема

[19] *Nuclear posture review report*. US Department of Defense, April, 2010. http://www.voltairenet.org/IMG/pdf/2010_Nuclear_Posture_Review_Report-6.pdf .
[20] *Iraq Points to Pullout in 2010*
http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2008/07/20/AR2008072001416.html

да може лесно да се повлече. На тој начин формира нова геополитичка реалност во глобални рамки, а од друга страна мултиполарниот свет не дозволува повеќе униполарни акции кој претходно нема да бидат добро осмислени, флексибилни, стабилни и во корелација со целите на останатите глобални играчи.

Како и многупати досега САД и Русија се соочени со нови предизвици. Политиката на „ресетирање“ на односите дава можности за нов почеток или барем ново зближување меѓу двете држави. Сосема е јасно и денес, дека во 1989 година не се случи крајот на историјата. Текот на историјата и притисоците врз геополитичките тектонски плочи и понатаму продолжуваат.

Ирак, Иран, Авганистан, Пакистан и Северна Кореја се државите кои најмногу го привлекуваат вниманието на новата американска администрација. Иран и Северна Кореја се две држави со кои моментално се опфатени најголемите прашања за нуклеарното ширење, прашања кои новата администрација најмногу ги третира во својата агенда за справување со новите безбедносни предизвици. Решавањето на наследените проблеми во голема мерка ќе ја профилираат успешноста на новиот претседател на САД и неговата администрација.

## Литература

Avijucki, V., 2009. *Kontinentalne geopolitike.* Beograd: CLIO.

Бејлис, Џ., Вирц, Џ., Колин, Г., Коен, Е., 2009. *Стратегија во современиот свет.* Скопје: Намапрес.

Михта, А.Е., 2009. *Границите на алијансата. САД, НАТО и ЕУ во Северна и Централна Европа.* Скопје: Арс Ламина ДОО.

*Nuclear posture review report.* US Department of Defense, April, 2010. http://www.voltairenet.org/IMG/pdf/2010_Nuclear_Posture_Review_Report-6.pdf .

*Iran's Nuclear Program.* http://www.nytimes.com/info/iran-nuclear-program/

Rashid, A. *Apocalypstan* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/apocalypstan/1459

Katulis, B. *Afghanistan: the White House recipe* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/afghanistan-the-white-house-recipe/1553?h=1

*Gates Says U.S. Lacks a Policy to Thwart Iran* http://www.nytimes.com/2010/04/18/world/middleeast/18iran.html

*White Paper of the Interagency Policy Group's Report on U.S. Policy toward Afghanistan and Pakistan.* http://www.whitehouse.gov/-assets/documents/afghanistan _pakistan_white_ paper_final.pdf

*Barack Obama to limit use of US nuclear weapons* http://www.guardian.co.uk/world/2010/apr/06/barack-obama-nuclear-weapons-review

*Barack Obama's radical review on nuclear weapons reverses Bush policies* http://www.guardian.co.uk/world/2010/apr/06/barack-obama-nuclear-weapons-review

*America withdraws from ABM treaty* http://news.bbc.co.uk/2/hi/americas/1707812.stm

*History of START I (Strategic Arms Reduction Treaty) and START II* http://en.rian.ru/world/20090622/155316207.html

*Russia to keep at least 1,500 nuclear warheads* http://en.rian.ru/russia/20090610/155218357.html

*New Russia-U.S. arms reduction treaty* http://en.rian.ru/infographics/20100405/158439571.html

Cohen, A. *If Obama Sells Europe to Russia* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/if-obama-sells-europe-to-russia/1477

*Nuclear Non-Proliferation Treaty 1968.* http://www.atomicarchive.com/Treaties/Treaty6.shtml

Wess, M. *Europe Policy 3.0: New Ideas for an Old Continent.* http://temi.repubblica.it/limes-heartland/europe-policy-30-new-ideas-for-an-old-continent/724

*Putin dictating agenda to EU, thinktank report says* http://www.guardian.co. uk/world/2007/nov/08/russia.eu

*Iraq Points to Pullout in 2010* http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article /2008/07/20/AR2008072001416.html

Toni MILESKI

# SECURITY CHALLENGES OF THE NEW AMERICAN ADMINISTRATION

**Summary**

The arrival of a new U.S. president, Barack Obama marks the beginning of a new era in international relations. The period of Uni-polarization, characteristic for the years after the Cold War slowly decrease his intensity and his place multi-polarization yields. In the context of such global changes, the new U.S. administration made attempts to revise their positions by preventing timely security challenges. This paper provides a critical review of the position of the new U.S. administration of the European continent, relations with European partners and the spread of NATO eastward. Also, review of relations with Russia and a new impulse to "reset" of relations with the largest Eurasian geopolitical actor. However it seems that the biggest security challenges for the United States mostly are manifesting in the area of the Middle East, i.e. Iraq, Iran, Afghanistan, Pakistan, and North Korea.

**Key words**: GEOPOLITIC, GEOSTRATEGY, SECURITY, SECURITY CHALLENGES, OBAMA.

„ГОЛЕМАТА ИГРА“ НА ОБАМА



**Сл. 2** „Големата игра“ на Обама